

ОПШТИНА
ШУТО ОРИЗАРИ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани, почитувани пријатели,

Стојам денес пред вас со голема чест и одговорност, затоа што ми ја укажавте довербата да бидам вашиот претставник и вашиот глас. Ја знам тежината на оваа одговорност и ветувам дека нема да дозволам интересите на граѓаните да бидат занемарени или потиснати.

Нашата Општина заслужува подобро. Заслужува улици по кои ќе се движиме безбедно, модерна канализациона и водоводна мрежа, чиста средина и уредени јавни простори. Заслужуваме економски развој кој ќе отвори нови работни места, ќе го поддржи претприемништвото и ќе им даде надеж на младите дека иднината може да ја градат токму овде.

Заедно со вас ќе изградиме модерна и силна општина – со реконструирани улици, современи училишта и градинки, нови спортски и културни центри, со чист воздух и здрава животна средина. Ќе работиме на стратегии кои ќе ја направат нашата општина економски силна: со поддршка на малите бизниси, со развој на локални пазари, со поттик на младите да започнат сопствени претпријатија.

Но најважно од сè – јас верувам во силата на заедништвото. Верувам дека само со соработка со граѓанските организации, со младите, со земјоделците, со сите вас – можеме да ја изградиме општината по наша мера. Општина во која гласот на секој граѓанин се слуша и се почитува.

Драги сограѓани, пред нас стои голем предизвик, но и голема шанса. Ве повикувам да застанеме заедно и да ја направиме оваа промена реалност. Да изградиме општина со која сите ќе се гордееме.

Ви благодарам!

Ерџан Демир

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Јаше Сефер - Носител на листа
2. Ѓулбин Бајрам
3. Гандијан Мустафа
4. Решат Сокол
5. Јуксела Емин
6. Орхан Јашар
7. Хадиз Рустеми
8. Жаклина Богдановска
9. Осман Ибраим
10. Ирмизат Дурах
11. Сулејман Џемаил
12. Неџмија Емин
13. Игбал Хусеин
14. Бахтијан Абдула
15. Емран Ибрахим
16. Надире Сакиб
17. Рохан Рамче
18. Шериф Мурат
19. Перихан Рамадан



# А. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Како одговорна политичка партија ВМРО-ДПМНЕ се грижи и ги поддржува сите проекти што се од примарен интерес за граѓаните на територијата на целата Општина, особено за проектите кои поради својата огромна финансиска конструкција, локалната заедница не може сама да ги реализира, а се во интерес на поширокиот регионален развој.

## Реконструкција на улици

Со цел поголема безбедност и подобра поврзаност на сите населби, ќе се инвестира во целосна реконструкција и асфалтирање на улиците низ Шуто Оризари.

## Унапредување на канализациона мрежа

Ќе се изведе модернизација на постојната канализациона инфраструктура со цел да се спречат поплави, излевања и загадување на животната средина.

## Решавање на проблемите со отпадот

Со нови контејнери, редовно собирање на сметот и воведување систем за селекција на отпадот ќе се подобри хигиената и квалитетот на живот во Шуто Оризари.

## Подобрување на водоводната мрежа

Посебен акцент ќе се стави на обезбедување стабилно и квалитетно водоснабдување за сите домаќинства, преку санација и проширување на водоводната мрежа.

## Изградба и реконструкција на училишта и градинки

Ќе се вложува во модерни и безбедни образовни објекти, со што децата ќе имаат подобри услови за учење и воспитување.

## Паркови и зелени површини

Со уредување на паркови, детски игралишта и нови зелени површини ќе се создаде поздраво и попријатно место за живеење.

## Јавна улична расвета

Ќе се постави нова енергетски ефикасна улична расвета во сите населби, со цел зголемена безбедност и намалени трошоци.

## Здравствен пункт и амбуланта

Обезбедување пристапна и квалитетна здравствена заштита преку реконструкција или изградба на здравствен пункт во Општината.

## Културен и спортски центар

Ќе се инвестира во изградба на современ спортски и културен центар, каде младите ќе можат да се вклучат во спортски активности и културни настани.



# Б. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Економскиот развој на Општината е основа за подобар живот на граѓаните и создавање стабилна иднина. Нашата цел е да изградиме локална економија која ќе нуди нови работни места, ќе го поддржува претприемништвото и ќе овозможи поголеми можности за сите.

## ➤ Развој на локални бизнис-зони

Изградба и уредување на мали индустриски и занаетчиски зони за привлекување на инвестиции и отворање нови работни места.

## ➤ Поддршка за мали и средни претпријатија (МСП)

Преку локални фондови, поволни кредити и советодавни центри ќе се поттикне развојот на претприемништвото.

## ➤ Програми за самовработување и младинско претприемништво

Со обуки, менторски програми и финансиска поддршка ќе се мотивираат младите и невработените да започнат сопствен бизнис.

## ➤ Развој на локални пазари и трговски капацитети

Модернизација и уредување на пазарниот простор за да се поддржат земјоделците и локалните трговци.

## ➤ Промоција на занаети и традиционални занимања

Поддршка на занаетчии и културни дејности како дел од економската понуда и туристичка привлечност на Општината.

## ➤ Привлекување инвестиции преку јавно-приватно партнерство

Создавање услови за партнерство со приватниот сектор за реализација на инфраструктурни и стопански проекти.

## ➤ Развој на туризам и културни манифестации

Организирање локални фестивали, културни и спортски настани што ќе привлечат посетители и ќе ја заживеат локалната економија.



# В. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## Проект „Младински образовни клубови"

Создавање на младински клубови каде младите ќе може да учат и развиваат вештини преку неформални образовни активности, обуки за лидерство, волонтерство и граѓанско учество. Клубовите ќе овозможат активно вклучување на младите во заедницата и ќе бидат простор за создавање на квалитетен и проактивен млад кадар и потенцијални членови на Советот на млади и членови на помошните тела на Општината.

## Бесплатни униформи за секој ученик

Овој проект предвидува секој ученик од основните училишта во Општината Шуто Оризари да добие бесплатна училишна униформа за почетокот на учебната година. Идејата е да се обезбедат еднакви услови за сите деца без оглед на нивната социјална и економска положба, со што ќе се намали финансискиот товар на семејствата и ќе се зголеми училиштната дисциплина и припадност кон училиштето. Притоа, униформите ќе бидат практични, соодветни за секојдневна употреба и ќе го промовираат чувство на заедништво меѓу учениците. Овој проект исто така може да биде дополнет со обезбедување на бесплатен школски прибор за првачињата, како што е практиката во други општини, што дополнително ќе помогне во олеснување на трошоците за родителите и ќе ја подобри подготовката на децата за школските активности.

## Нови паркови и спортски игралишта во дворовите на основните училишта во Општина Шуто Оризари

Во рамките на образовната инфраструктура во Општина Шуто Оризари, планирана е изградба и реновирање на паркови и спортски игралишта во дворовите на основните училишта. Овој проект има за цел да обезбеди безбедни и современи рекреативни простори каде децата ќе можат да се занимаваат со спорт и други физички активности. Новите паркови ќе вклучуваат зелени површини, детски игралишта и спортски објекти, како фудбалски и кошаркарски терени, со што ќе се поттикне здравиот начин на живот и социјалната интеракција меѓу учениците.

## Воведување на дневен престој во основното образование

Дневниот престој во основното образование е организациски модел кој овозможува продолжено времетраење на воспитно-образовниот процес за учениците, најчесто во пониžите одделенија (од прво до трето одделение). Целта е да се овозможи сигурна, квалитетна и целодневна грижа за децата, вклучувајќи образование, оброци, одмор и слободни активности во рамките на училишниот ден. Овој модел им помага на семејствата, особено на работно ангажираните родители, со обезбедување дополнителен простор за развој на учениците преку дополнителни наставни и вонннаставни активности, како и социјализација.

## Бесплатни ученички кампови за најдобрите ученици

Бесплатните ученички кампови за најдобрите ученици на крајот од учебната година се специфични програми кои им овозможуваат на талентираните и мотивирани ученици да се собираат на интензивни образовни, спортски и креативни активности во малку поразлична и стимулативна околина од училиштето. Целта на овие кампови е развој на вештини, проширување на знаењата, поттикнување на тимската работа и лидерство, како и мотивирање на учениците за понатамошен успех во образованието.

Овие кампови обично вклучуваат работилници за различни области, спортски активности, тим-билдинг игри и културни доживувања, што резултира со подобрување на личноста и академските резултати на учениците. Таквите кампови, покрај наградување на најдобрите ученици, ја поттикнуваат мотивацијата кај другите ученици да се стремат кон постигнување на извонредни резултати и развој на широк спектар на способности. Со тоа, тие придонесуваат за подигнување на квалитетот на образованието и создавање на позитивна атмосфера во училишната заедница.



# Г. ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## Е-СЕДНИЦИ НА СОВЕТ

Ќе воведеме електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа, ќе воспоставиме електронски Службен гласник на Општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

## ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба/ надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.

## Е-СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДМЕТИ

Во соработка со Владата, ќе развиеме интегриран систем за електронско управување со документи и процеси. Оваа унифицирана, безбедна и модерна дигитална алатка овозможува целосно електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамки на Општината. Сите документи кои ќе се создаваат, примаат или испраќаат во институциите ќе се заведуваат, евидентираат, обработуваат и архивираат во електронска форма. Заради транспарентност и отчетност пред граѓаните, системот ќе овозможи следење на секоја фаза од работењето по одреден предмет – од неговото создавање, преку внатрешна циркулација и обработка, до неговото архивирање или уништување согласно законската регулатива. Системот е наменет да ги замени традиционалните хартиени процедури и архива со електронски потпис и печат, како и дигитална архива. Тоа ќе ја зголеми ефикасноста во комуникацијата помеѓу институциите, времето за обработка, трошоците за печатење и складирање, како и ризикот од човечки грешки или губење на документи.



# Д. ИНВЕСТИРАМЕ ВО СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## Проект „Мобилни спортски полиња"

Создавање и опремување на мобилни спортски полиња и реквизити кои ќе се поставуваат во различни делови на Општината, посебно во неразвиените и рурални места. Овој проект овозможува достапност до спортски активности без потреба од големи инфраструктурни вложувања.

## Проект „Спортски празници за здравје и заедништво"

Организирање годишни спортски фестивали кои комбинираат разни спортски натпревари, здравствени прегледи, работилници за исхрана и здрав начин на живот, со цел зајакнување на спортската култура и подигнување на свеста за значењето на физичката активност.

## Реконструкција на спортското игралиште НАПРЕДОК

Проектот предвидува темелна реконструкција на спортското игралиште „Напредок" со поставување на нова тревна површина, која ќе овозможи природна и пријатна средина за игра и спортски активности. Во рамките на реконструкцијата ќе се обноват оградата, спортските реквизити како големи и кошеви, како и условите за безбедност и пристапност, вклучувајќи ново осветлување и патеки. Тревната површина ќе обезбеди здрава и природна основа за спортските активности, што ќе придонесе за подобрување на физичката форма и задоволство кај корисниците. Ова игралиште ќе биде модерно, мултифункционално и пријателско за сите возрасти, поттикнувајќи спортска култура и заедништво во Општината.

## Спортски стипендии

Оваа активност предвидува доделување на финансиски стипендии на талентираните ученици-спортисти од Општината како награда и поддршка за нивните постигнувања во спортот. Целта е да се мотивираат младите спортисти да ги развиваат своите вештини, да постигнуваат високи спортски резултати и да останат активни во спортските активности. Спортските стипендии корисниците ги добиваат според критериуми кои ги определува Општината, вклучувајќи постигнати успеси на натпревари на национално или меѓународно ниво. Со оваа мерка се поттикнува спортската култура и се создаваат услови за континуиран развој на спортот во општината, помагајќи им на младите да ги покријат трошоците поврзани со спортските активности, опрема и

тренинзи. Проектот овозможува градење на силна спортска заедница и афирмирање на позитивните вредности на спортот меѓу младите.

### Финансирање на спортските клубови на теротироијата на општина Шуто Оризари и формирање на спортски школи

Оваа активност предвидува обезбедување на финансиски средства од Буџетот на Општина Шуто Оризари за поддршка на спортските клубови кои дејствуваат на нејзината територија. Целта е да се овозможи континуирана поддршка за развојот на спортот, нагласувајќи ја важноста на младите спортисти и спортските организации во промоцијата на активен и здрав начин на живот. Финансирањето се реализира преку субвенции и трансфери, кои се наменети за подобрување на условите за тренинг, опрема, организација на натпревари и други спортски активности. Овој модел на финансирање исто така вклучува и допрва обезбедување финансиски средства преку министерства, федерации, спонзорства и донации, со цел зголемување на капацитетите и резултатите на спортските клубови на локално ниво. Покрај финансиската помош, Општината обезбедува и почесно покровителство, награди и техничка поддршка за спортските здруженија, со што го поттикнува спортскиот развој како дел од општинската стратегија за здрави навики и квалитетен живот.

### Реконструкција и доопремување на Спортскиот центар во Шуто Оризари

Овој проект предвидува целосна реконструкција на Спортскиот центар во Шуто Оризари, вклучувајќи обнова на спортската сала, модернизирање на терените и поставување на нова спортска опрема и техника. Во Центарот ќе се создадат услови за мултиспортски активности со фокус на сали за кошарка, ракомет, мал фудбал и фитнес, како и уредување на отворени спортски површини и трим- патеки. Дополнително, ќе биде обезбедена подобра безбедност и комфор за корисниците преку поставување осветлување и системи за видео-надзор. Целта на проектот е да се овозможи масовно вклучување на сите возрасти во спортски активности, да се поддржат локалните спортски клубови и да се стимулира здрав животен стил кај младите и граѓаните воопшто. Со реализацијата на оваа инвестиција, Општината ќе добие современ Спортски центар кој ќе биде културен и Спортски центар на заедницата, кој ќе прифати и организира спортски настани, натпревари и рекреативни активности, со што ќе го зголеми квалитетот на живот во Шуто Оризари.



# Ѓ. ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## Нова еколошка ера во нашата Општина

Овој проект предвидува набавка на современа опрема и механизација за комуналната хигиена со цел значително подобрување на услугите за собирање, транспортирање и управување со комуналниот отпад на подрачјето на Општината. Во рамките на проектот ќе се набават специјални возила за собирање отпад, метлачки машини (вклучувајќи и електрични), алати и заштитна опрема за работниците.

Дополнително, проектот предвидува формирање на сопствено комунално претпријатие кое ќе овозможи професионално, ефективно и брзо реагирање на потребите на граѓаните за чистота и одржување на јавните површини. Оваа организација ќе биде одговорна за спроведување на стратегии за одржливо управување со отпадот, чистење на улиците, дезинфекција и одржување на хигиената на јавните места, со што ќе се зголеми квалитетот на живот во Општината.

Проектот вклучува и обука на персоналот и создавање систем на мониторинг и контрола за ефикасно работење и одржување на опремата. Со ова, Општината се стреми да воспостави функционален и одржлив систем на комунална хигиена кој директно ќе влијае на подобрување на животната средина и здравјето на своите жители.

## Проект „Поставување на фотоволтаични панели во образовните институции“

Во сите основни и средни училишта во Општината ќе се инсталираат фотоволтаични панели за производство на зелена енергија. Ова не само што ќе ја намали потрошувачката на електрична енергија и ќе ги намали трошоците за електрична енергија, туку ќе поттикне и свест за чиста енергија кај децата и наставниците. Заштедените средства ќе се реинвестираат во други инфраструктурни и образовни проекти, со што општината одржливо ќе го модернизира образованието и јавните услуги.

## Систем за рециклирање и собирање на отпад

Воведување на современ систем за селекција, собирање и рециклирање на комунален отпад во Општината. Со овој проект ќе се зголеми процентот на рециклиран отпад, ќе се намали загадувањето и ќе се трансформира отпадот во нови ресурси. Се планира и наградување на домаќинства и институции кои ќе покажат активно учество во проектот.

## Справување со отпадот на Општината и трајно решавање на проблемот со ѓубрето

Проектот предвидува воспоставување интегриран и долгорочен систем за управување со отпадот во општина Шуто Оризари, со цел трајно решавање на проблемот со депонирањето и нерегулираниот отпад. Преку зголемување на капацитетите на јавните комунални претпријатија, проектот ќе овозможи почесто и поефикасно собирање на отпадот од домаќинствата, јавните површини и институциите. ќе се воведат системи за селекција и рециклирање на отпадот, што ќе ја намали количината на депониран комунален отпад и ќе овозможи повторна употреба на материјалите.

Дополнително, проектот ќе вклучи едукација и подигање на еколошката свест кај граѓаните, со цел активно учество во селекцијата на отпадот и создавање на чиста и здрава животна средина. Предвидено е да се обноват и чистат постојните диви депонии, како и да се воспостави контрола преку системи за мониторинг. Овој пристап ќе придонесе за создавање на општина според еколошките стандарди, со поздрав и поздрав животен амбиент за сите жители.

## Енергетска ефикасност на општинските јавни згради

Реализација на мерки за зголемување на енергетската ефикасност во општинските згради, вклучително поставување на термоизолација, замена на прозорци, воведување на LED-осветлување и системи за автоматика за управување со потрошувачката на енергија. Целта е намалување на трошоците и емисијата на штетни гасови.



# Е. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## Културно-историски туристички патеки

Креирање и означување на повеќе туристички патеки кои ќе ги поврзуваат значајните културни и историски локалитети во Општината. Патеките ќе бидат дополнително збогатени со информативни табли и дигитални водичи преку мобилна апликација, што ќе им овозможи на посетителите интерактивно и едукативно искуство.

## Изградба на културен дом во Шуто Оризари

Проектот предвидува изградба на модерен и мултифункционален културен дом кој ќе биде централно место за културен и социјален живот во Општината Шуто Оризари. Културниот дом ќе овозможи простор за организирање на театарски претстави, концерти, изложби, и разни јавни настани, како и простории за работилници, креативни активности и средби на локалната заедница.

Овој објект ќе има современа инфраструктура и енеретски ефикасни решенија, како и простор за младински активности, што ќе придонесе за промоција и зачувување на локалната култура и уметност. Ваков проект ќе ги збогати културните содржини во Општината, ќе ги обедини граѓаните и ќе создаде услови за развој на социјалната и културната инклузија. Изградбата ќе се реализира со поддршка на градската администрација и националните институции, обезбедувајќи современо и достапно место за сите жители на Шуто Оризари.



# Ж. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

## Поддршка на културно уметничките друштва и драмски групи во Општина Шуто Оризари

Оваа активност е насочена кон афирмација и развој на локалните културно-уметнички друштва и драмски групи, со цел збогатување на културниот живот во Општината. Поддршката вклучува обезбедување финансиски средства, опрема и простории за нивна работа, како и организација на културни манифестации и настапи. Преку овие активности се поттикнува создавање и изведба на театарски претстави, музички и фолклорни концерти, изложби и други уметнички изрази.

Целта е зачувување и промовирање на културните вредности, развој на креативноста и талентот кај граѓаните, особено младите, и создавање простор за социјална интеракција и заедништво. Овие активности ја зголемуваат чувството на припадност и ја подигнуваат културната свест во заедницата, притоа унапредувајќи ја општинската културна сцена и имајќи позитивен социо-културен ефект врз граѓаните.

## Организирање на културни вечери, поетски собири, културни промоции.

Овој тип на активности во рамките на програмата за општина Шуто Оризари претставува платформа за афирмација и промоција на локалната култура, уметност и идентитет. Организирањето културни вечери, поетски собири и промоции ќе овозможи собирање на уметници, поети и културни активисти кои преку својот творечки израз ќе ја збогатат културната сцена во општината. Овие настани ќе бидат отворени за сите генерации и ќе создадат простор за културна интеракција и дијалог.

Целта е да се поттикне културната активност, да се зачува и промовира културното наследство и современата уметност, како и да се зголеми општинската свест за важноста на културните вредности. Овие активности создаваат позитивна емоција, ја поттикнуваат социјалната кохезија и го обликуваат идентитетот на заедницата во Шуто Оризари, со што придонесуваат кон квалитетен и исполнет социо-културен живот.

# 3. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## Реконструкција и санирање на Здравствениот дом Шуто Оризари

Проектот опфаќа внатрешно и надворешно санирање на здравствената установа со цел создавање на модерни, безбедни и хуманизирани простории за пациентите и здравствениот персонал. Покрај тоа ќе се инсталираат енергетски ефикасни решенија за намалување на трошоците за енергија.

## Поддршка и застапување за решавање на проблемите со медицинскиот кадар

Овој проект има за цел надминување на недостигот од медицински кадар со организирање на стимулативни мерки како што се дополнителни финансиски надоместоци, услови за континуирана обука и подобрување на работната клима, како и активна соработка со здравствените институции и министерството.

## Промоција на здравствени превентивни програми и едукација на населението

Овој проект вклучува организирање на превентивни здравствени кампањи, бесплатни прегледи, семинари и едукативни работилници за здрав начин на живот насочени кон ранливите групи во општината, со посебен акцент на мајките, децата и постарите лица.

## Социјална поддршка преку програми за грижа на ранливите категории

Воведување услуги како дневен престој, помош и нега во дома, психолошка поддршка и социјална инклузија за лица со посебни потреби, старечки домаќинства и семејства во социјална ризичност.

# Ѕ. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Општината ќе гради партнерство со граѓанските организации како важен столб на демократијата и развојот. Преку отворена и редовна комуникација, ќе се овозможи нивно активно учество во донесување одлуки и реализирање проекти од јавен интерес.

## Формирање Локален совет за соработка со невладини организации

Ќе се воспостави совет како формален механизам за редовна соработка и координација помеѓу општината и граѓанските организации.

## Поддршка на иницијативи за заштита на животната средина и јавната хигиена

Општината ќе ги поддржува сите здруженија кои организираат акции за чистење, озеленување и едукација за еколошка свест.

## Заеднички културни, образовни и спортски манифестации

Во партнерство со здруженијата ќе се организираат концерти, фестивали, спортски турнири и работилници за младите.

## Финансиска и логистичка поддршка за локални граѓански иницијативи

Ќе се обезбедат грантови, простории и техничка помош за организации кои реализираат проекти од јавен интерес.

## Вклучување на здруженијата во креирање локални стратегии и развојни планови

Преку јавни расправи и работни групи, граѓанските организации ќе учествуваат во изработка на стратегиите за развој на Општината.

ВМРО-ДПМНЕ